# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба, Рок за рекламации 15 дена.**

**Петок, 10 јануари 1992**
**Скопје**
**Број 1** **Год. XLVIII**

**Аконтацијата за 1992 година изнесува 2.600 динари. Овој број чини 20 динари. Жиро сметка 40100-603-12498**


**1.**

Врз основа на член 131 став 4 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 јануари 1992 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ I И II НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласуваат амандманите I и II на Уставот на Република Македонија,

што ги усвои Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 6 јануари 1992 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-44/1
6 јануари 1992 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Стојан Андов**, с. р.

### АМАНДМАНИ I И II
### НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Овие амандмани се составен дел на Уставот на Република Македонија и влегуваат во сила со денот на нивното прогласување.

АМАНДМАН I

1. Република Македонија нема територијални претензии кон соседните држави.

2. Границата на Република Македонија може да се менува само во согласност со Уставот, а врз принципот на доброволност и во согласност со општоприфатените меѓународни норми.

3. Со точката 1 на овој амандман се дополнува членот 3, а со точката 2 се заменува ставот 3 на членот 3 на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН II

1. Републиката притоа нема да се меша во суверените права на други држави и во нивните внатрешни работи.

2. Со овој амандман се дополнува ставот 1 на членот 49 на Уставот на Република Македонија.

---

**2.**

Врз основа на член 1 од Законот за мерките што можат да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањето во тековите на општествената репродукција на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр 55/91) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр 45/90), Владата на Република Македонија донесе

### У Р Е Д Б А
### ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ СО РЕПУБЛИКИТЕ КОИ НАМЕСТО ДИНАРИ КОРИСТАТ ДРУГА ВАЛУТА

Член 1

Со оваа уредба се определува начинот на вршење на работите од платниот промет меѓу правните и физичките лица (во натамошниот текст: учесници) од Република Македонија со учесниците од републиките кои наместо динари користат друга валута.

Член 2

Плаќањето меѓу учесниците од Република Македонија со учесниците од републиките кои користат друга валута се врши во динари преку посебна сметка на учесникот од Републиката што користи друга валута отворена кај Службата на општественото книговодство во Македонија.

Учесниците од Република Македонија можат да им вршат плаќање на учесниците од републиките кои користат друга валута само преку сметката од став 1 на овој член.

Член 3

Учесниците од републиките кои користат друга валута ги плаќаат обврските спрема учесниците од Република Македонија само до височина на динарските средства на сметката од член 3 на оваа уредба, стекнати со наплата на побарувањата од учесниците од Република Македонија од денот на влегувањето во сила на оваа уредба

Член 4

Отворањето на сметки, наплатата и начинот на плаќањето со средствата од член 2 на оваа уредба, се вршат во согласност со упатството на генералниот директор на Службата на општественото книговодство во Македонија.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3070/1
30 декември 1991 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с. р.

---

**3.**

Врз основа на член 54 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на СРМ“ бр. 38/85, 19/89 и 38/90) и член 16 од Законот за експропријација („Службен весник на СРМ“ бр. 46/89), Владата на Република Македонија донесе

### О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПШТ ИНТЕРЕС ЗА ИЗГРАДБА И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТРАСАТА НА ДАЛЕКУВОД 400 KW НА ДЕЛНИЦА ТЕЦ „БИТОЛА“ — ТС „СКОПЈЕ IV“ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНИТЕ БИТОЛА, ПРИЛЕП, ТИТОВ ВЕЛЕС И КИСЕЛА ВОДА

1. Со оваа одлука се утврдува општ интерес за изградба и се определува трасата на далекуводот 400 KW, на делницата од ТЕЦ „Битола“ до ТС „Скопје IV“ на подрачјето на општините Битола, Прилеп, Титов Велес и Кисела Вода — Скопје, чиј инвеститор е ЈП „Електростопанство на Македонија“ — Погон „Електропренос“ од Скопје и се определува земјиштето што му припаѓа на инвестициониот објект за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог на трасата (ситуација на трасата во М 1.25 000 — од 1.4), кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3021/1
30 декември 1991 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с. р.

4.

Врз основа на член 1 од Законот за мерките што може да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањата на тековите на општествената репродукција („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/91), Владата на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ДЕЛОВНИТЕ ЕДИНИЦИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДРУГИТЕ ИНСТИТУЦИИ ОД РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА И РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА КОИ ИМААТ СЕДИШТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРАВНИ ЛИЦА ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Одлуката за трансформација на деловните единици на претпријатијата и другите институции од Република Словенија и Република Хрватска, кои имаат седиште во Република Македонија во правни лица во општествена сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/91 и 58/91), во членот 2, зборовите: „15 јануари" се заменуваат со зборовите „31 јануари".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3038/1
30 декември 1991 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с. р.

4.

Врз основа на член 146 став 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија", бр. 38/91), Министерството за здравство по претходно мислење на Медицинскиот, Стоматолошкиот и фармацевтскиот факултет, донесе

# ПРАВИЛНИК
## ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА И СУБСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се определуваат гранките на специјализацијата и субспецијализацијата на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование, времето на нивното траење и деловите на стажот на специјализациите и субспецијализациите.

### II. ГРАНКИ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА И СУБСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ

Член 2

Здравствените работници со завршен Медицински факултет можат да специјализираат во следните гранки од медицината со следното времетраење:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Акушерство и гинекологија | 48 месеци |
| 2. | Анестезиологија со реаниматологија | 48 „ |
| 3. | Дерматовенерологија | 36 „ |
| 4. | Детска хирургија | 48 „ |
| 5. | Епидемиологија | 36 „ |
| 6. | Инфектологија | 48 „ |
| 7. | Интерна медицина | 48 „ |
| 8. | Клиничка фармакологија | 36 „ |
| 9. | Медицинска биохемија | 36 „ |
| 10. | Медицина на трудот | 36 „ |
| 11. | Микробиологија | 36 „ |
| 12. | Неврологија | 48 „ |
| 13. | Неурохирургија | 60 „ |
| 14. | Нуклеарна медицина | 36 „ |
| 15 | Општа хирургија | 48 „ |
| 16. | Ортопедија | 48 „ |
| 17. | Оториноларингологија | 36 „ |
| 18. | Офталмологија | 36 „ |
| 19 | Патолошка анатомија | 36 „ |
| 20. | Педијатрија | 48 „ |
| 21. | Психијатрија | 48 „ |
| 22 | Радиодијагностика | 48 „ |
| 23 | Радиотерапија | 48 „ |
| 24 | Социјална медицина со организација на здравствената дејност | 36 „ |
| 25 | Судска медицина | 36 „ |
| 26 | Трансфузиологија | 36 „ |
| 27 | Урологија | 48 „ |
| 28 | Училишна медицина | 36 „ |
| 29 | Физикална медицина и рехабилитација | 36 „ |
| 30 | Хигиена | 36 „ |

Член 3

Здравствените работници со завршен стоматолошки факултет можат да специјализираат во следните гранки на стоматологијата со следното времетраење:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Болести на устата и пародонтот | 36 месеци |
| 2 | Болести на забите и ендодонтот | 36 „ |
| 3. | Детска и превентивна стоматологија | 36 „ |
| 4 | Максилофацијална хирургија | 48 |
| 5. | Орална хирургија | 36 „ |
| 6. | Ортопедија на вилиците | 36 „ |
| 7. | Стоматолошка протетика | 36 „ |
| 8. | Социјална медицина со организација на здравствената дејност | 36 „ |

Член 4

Здравствените работници со завршен фармацевтски факултет можат да специјализираат во следните гранки на фармацијата со следното времетраење:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Испитување и контрола на лекови | 36 месеци |
| 2. | Медицинска биохемија | 36 „ |
| 3. | Санитарна хемија | 36 „ |
| 4 | Фармацевтска технологија | 36 месеци |

Член 5

По завршениот стаж на специјализација и положениот специјалистички испит, здравствените работници — специјалисти можат да субспецијализираат уште во следните потесни специјалности:

| Име | По основна специјализ | Траење во месеци |
|---|---|---|
| 1. Абдоминална хирургија | општа хирургија | 24 |
| 2. Аудиологија | оториноларингологија | 18 |
| 3. Болести на зависност | психијатрија<br>други основни гранки на специјализација | 24<br><br>24 |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 4. Васкуларна хирургија | општа хирургија | 24 |
| 5. Вирусологија | микробиологија | 18 |
| 6 Воздухопловна медицина | интерна медицина | 24 |
| 7. Гастроентерохепатологија | интерна медицина<br>инфектологија<br>педијатрија | 24 |
| 8. Геронтологија | интерна медицина | 24 |
| 9. Градна хирургија | општа хирургија | 24 |
| 10. Детска неврологија | неврологија<br>педијатрија | 24 |
| 11. Дијабетологија | интерна медицина<br>педијатрија | 24 |
| 12. Ендокринологија | акушерство и гинекологија<br>интерна медицина<br>педијатрија | 24 |
| 13. Економика во здравството | социјална медицина со организација на здравствена дејност | 18 |
| 14. Здравствено воспитување | сите гранки на специјализација | 18 |
| 15 Имунологија | микробиологија -<br>трансфузиологија | 18 |
| 16. Кардиологија | интерна медицина<br>инфектологија<br>педијатрија | 24 |
| 17. Кардиохирургија | општа хирургија | 24 |
| 18. Клиничка имунологија и алергологија | интерна медицина<br>педијатрија<br>инфектологија<br>оториноларингологија<br>офталмологија<br>неврологија<br>дерматовенерологија<br>трансфузиологија<br>медицина на трудот<br>акушерство и гинекологија | 24 |
| 19 Микологија | дерматовенерологија<br>микробиологија | 18 |
| 20. Клиничка токсикологија | интерна медицина<br>педијатрија<br>инфектологија<br>медицина на трудот | 24 |
| 21. Клиничка фармакотерапија | клиничка фармакологија<br>интерна медицина<br>неврологија<br>психијатрија<br>педијатрија<br>инфектологија<br>анестезиологија со реаниматологија | 24 |
| 22. Клиничка физиологија | интерна медицина<br>педијатрија<br>неврологија | 24 |
| 23. Комунална хигиена | хигиена | 18 |
| 24. Козметологија | дерматовенерологија | 18 |
| 25. Максилофацијална хирургија | оториноларингологија<br>општа хирургија | 24 |
| 26. Медицинска генетика | сите основни гранки на специјализација | 18 |
| 27. Неонатологија | педијатрија | 24 |
| 28. Нефрологија | интерна медицина<br>педијатрија | 24 |
| 29. Онкологија | интерна медицина<br>педијатрија<br>неврологија<br>радиотерапија<br>општа хирургија<br>акушерство и гинекологија<br>ортопедија<br>дерматовенерологија | 24 |
| 30. Паразитологија | микробиологија | 18 |
| 31. Педопсихијатрија | психијатрија<br>педијатрија | 24 |
| 32. Пластична и реконструктивна хирургија | општа хирургија | 24 |
| 33. Перинатологија | акушерство и гинекологија<br>педијатрија | 24 |
| 34. Психотерапија | психијатрија | 24 |
| 35. Пулмологија со алергологија | интерна медицина<br>педијатрија<br>медицина на трудот | 24 |
| 36. Пулмофтизиологија | интерна медицина | 24 |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 37 Ревматологија | интерна медицина<br>педијатрија<br>физикална медицина и рехабилитација | 24 |
| 38. Социјална психијатрија | психијатрија | 24 |
| 39. Спортска медицина | интерна медицина | 24 |
| 40. Судска психијатрија | психијатрија | 24 |
| 41. Трауматологија | општа хирургија, ортопедија | 24 |
| 42. Фонијатрија | оториноларичгологија | 18 |
| 43. Хематологија | интерна медицина<br>трансфузиологија<br>педијатрија | 24 |
| 44. Хигиена на исхрана | хигиена | 18 |
| 45. Хистопатологија и медицинска цитологиј | патолошка анатомија<br>дерматовенерологија | 18 |

## III ГРАНКИ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

Член 6

Здравствените соработници (од член 139 од Законот за здравствената заштита) со завршен соодветен факултет можат да специјализираат во следните гранки на специјализација со следното времетраење

1. Здравствена информатика — 36 месеци
(можат да специјализираат лица со завршен машински факултет — отсек информатика природно-математички факултет — отсек информатика
2. Медицинска биологија (микробиологија) — 36 "
(можат да специјализираат лица со завршен природно-математички факултет — отсек биологија и отсек молекуларна биологија и биотехнички факултет
3. Медицинска генетика — 36 "
(можат да специјализираат лица со завршен природно-математички факултет — отсек биологија и отсек молекуларна биологија и биотехнички факултет
4. Санитарна хемија — 36 "
(можат да специјализираат лица со завршен технолошки факултет — отсек прехранбена технологија, природно-математички факултет — отсек хемија, земјоделски факултет — отсек прехранбена технологија, прехранбено биотехнички, биотехнички факултет)

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Здравствените работници и здравствените соработници на кои им е одобрена специјализација односно субспецијализација и ја започнале според прописите што биле во важност до денот на влегувањето во сила на Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија", бр 38/91) стажот на специјализацијата односно субспецијализацијата ќе го поминат и специјалистичкиот односно субспецијалистичкиот испит ќе го полагаат согласно тие прописи.

Здравствените работници и здравствените соработници што ја почнале специјализацијата по влегувањето во сила на Законот, а пред денот на влегувањето во сила на овој правилник, стажот на специјализацијата односно субспецијализацијата можат да го поминат и специјалистичкиот односно субспецијалистичкиот испит можат да го полагаат според Правилникот за специјализација и субспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование („Службен весник на СРМ", број 36/84) или според овој правилник, ако е тоа поповолно за нив

Член 8

На специјалистите што до влегувањето во сила на овој правилник имаат статус на редовни и вонредни професори им се признава една гранка на субспецијализација во областа во чие афирмирање учествувале

Медицинскиот факултет издава уверение

Член 9

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за специјализација и субспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование („Службен весник на СРМ", бр 36/84)

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

Бр. 10-1984/1
25 декември 1991 година
Скопје

Министер за здравство,
д-р Перко Колевски, с. р.

СОДРЖИНА

Страна

1. Одлука за прогласување на амандманите I и II на Уставот на Република Македонија — Амандмани I и II на Уставот на Република Македонија — — — — — — — — — 1
2. Уредба за начинот на вршење на работите од платниот промет со републиките кои наместо динари користат друга валута — — 1
3. Одлука за утврдување на општ интерес за изградба и определување на трасата на далекувод 400 KW на делница ТЕЦ „Битола" — ТС „Скопје IV" на подрачјето на општините Битола, Прилеп, Титов Велес и Кисела Вода — — — — — — — — — — 2
4. Одлука за изменување на Одлуката за трансформација на деловните единици на претпријатијата и другите институции од Република Словенија и Република Хрватска кои имаат седиште во Република Македонија во правни лица во општествена сопственост — 2
4. Правилник за специјализација и субспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование

Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија — Скопје, ул. „Васил Ѓоргов" бб Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Пошт. фах 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печати: ГИТД „Гоце Делчев" — Скопје